**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**

# UNI*tears*® без конзерванси

капки за очи, раствор, без конзерванси

## 1. ШТО СЕ UNI*tears*® без конзерванси, капките за очи И ЗА ШТО СЕ КОРИСТАТ

UNI*tears*® без конзерванси, е раствор за капки за очи кој содржи хипромелоза и декспантенол. Има заштитно, епителизирачко и дејство на влажнење на окото.

Хипромелозата формира привремен заштитен филм на површината на рожницата на окото, влажнејќи ја површината на окото, служи како супститут на недостигот на производство на солзи и го елиминира чувството на „суво на око". Придонесува за ослободување од благата иритација на окото од не-инфекциска природа.

Декспантенолот (група на Б-витамин) помага да се обноват клетките од површината на рожницата (епителизација).

UNI*tears*® без конзерванси е идеален за оние кои носат контактни леќи и за лица со чувствителни очи.

UNI*tears*® без конзерванси овозможува долготрајно олеснување:

- при намалено создавање на солзи
- при синдром на „суво око" (keratoconjunctivitis sicca - сув керато-коњуктивит)
- при повреди и ерозија на рожницата
- кога ситни честички ќе упаднат во конјуктивалната кеса
- по хируршки зафат на окото
- при сензорна непријатност (печење, чешање, чувство на туѓо тело), овие симптоми можат да бидат поврзани со надворешни фактори (на пример, климатизација, ветер, загадување, чад, прашина)
- при поизразено напрегање на очите (при подолга работа на компјутер) и тешкотии при гледањето во текот на денот
- кога се употребуваат контактни леќи

UNI*tears*® без конзерванси можат да го употребуваат возрасни, адолесценти и деца.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ПОЧНЕТЕ ДА УПОТРЕБУВАТЕ UNI*tears*® без конзерванси

Не земајте UNI*tears*® без конзерванси:

- доколку сте алергични (хиперсензитивни) на некоја друга од состојките на лекот.
- во акутна фаза на корозија на окото до целосно отстранување на корозивните супстанции од конјуктивалната кеса и отстранување на мртвото ткиво
- при истовремена употреба со препарати за очи кои содржат метални соли

Доколку употребувате и други препарати за очи, потребно е да разговарате за соодветноста на истовремената употреба со офталмолог. Генерално се препорачува да се чека најмалку 5 минути помеѓу нанесувањето на секој препарат.

## 3. ДОЗИРАЊЕ И НАЧИН НА УПОТРЕБА

Препорачаната доза е една капка во секое око, 2-3 пати на ден.
Доколку е потребно, може да се нанесува по 1 капка на 1 час.

### За оние кои носат контактни леќи

UNI*tears*® без конзерванси можат да се употребуваат додека се носат контактни леќи.

### Предпазливост пред примена

Пред првата употребата на UNI*tears*® без конзерванси, се препорачува да ја капнете првата капка надвор од окото, со нежно притискање на шишенцето, бидејќи при силно или неправилно притискање на шишенцето, може да истиснете поголема количина од растворот.

Ослободете го притисокот пред следната капка и дозволете воздухот да биде вшмукан во пластичното шишенце, така што шишенцето ја враќа својата првобитна форма, а потоа продолжете со апликацијата на капки во окото како што е препорачано.



1. Извадете го пластичното шишенце со ОСД капаче од картонското кутивче



2. Пред првата употреба, отстранете ја заштитната лента од ОСД капачето



3. Отстранете ја заштитната обвивка од ОСД капачето



4. Навалете ја главата station наназад, завртете го пластичното шишенце наопаку, нежно повлечете го долниот очен капак со Вашиот показалец, капнете го препорачаниот број капки и полека затворете го окото за да може UNI*tears*® без конзерванси да се распореди подеднакво по површината на окото.

Врвот од капалката не треба да го допира окото или очниот капак додека се нанесува препаратот. По употребата, потребно е цврсто да се затвори заштитното капаче на врвот од шишенцето, за да се избегне можната контаминација на капалката.

## 4. КОИ СЕ МОЖНИТЕ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Ретко, непосредно по нанесувањето можете да почувствувате благо минливо печење или алергиска реакција на некоја од супстанциите од препаратот или трепките може привремено да се залепат.
Доколку се појават овие симптоми или се случат некои други невообичаени состојби, контактирајте го Вашиот лекар или фармацевт.

## 5. ШТО СОДРЖИ UNI*tears*® БЕЗ КОНЗЕРВАНСИ

Хипромелоза 5 мг на 1 мл, декспантенол, натриум хлорид, динатриум едетат, вода за инјекции.
**Пакување:** 1 x 10 мл

## 6. НАЧИН НА ЧУВАЊЕ И ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Да се чува во оригиналното пакување на температура од 25°C.
Да не се чува во фрижидер и да не се замрзнува.
Да не се употребува по истекот на рокот наведен на налепницата или на картонското кутивче, до иконата на песочниот часовник. Датумот на рокот на траење се однесува на последниот ден од месецот. UNI*tears*® без конзерванси да не се употребува по 3 месеци по првото отварање на шишенцето.
Големина на пакувањето: 1 x 10 мл


**Производител:**
UNIMED PHARMA, spol. s r.o., Orieskova 11,827 05 Братислава,
Словачка Република
Tel: +421 2 4333 3786
Fax: +421 2 4363 8743
e-mail : unimedpharma@unimedpharma.sk
www.unimedpharma.eu


CE 2265 STERILE A

**Носител на решение за запишување во регистерот на медицински помагала во Р.Македонија :**
СЕПТИМА ДООЕЛ
Ул. Сава Ковачевиќ 9 бр.13
1000 Скопје, Р. Македонија

**Број на решение за запишување во регистерот на медицински помагала во Р.Македонија:** 14-11394/2-16 од 11.11.2016

**Последна ревизија на текстот:** Октомври 2014